Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години
Основана 1922

Број 177 | www.mchamber.mk | 24.12.2021




## Со тимска работа на Стопанската комора, Министерството за финансии и Царинската управа до заедничка цел - обезбедување на поволни услови за работа на компаниите

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT Building & Construction

IGM trade · T · · · МЕПСО Македонски електропреносен систем оператор · ECM Електрани на Северна Македонија · Gulf

Пекабеско · euro Nickel Industries · nextsense · VERO сè на едно место · Кожувчанка · Mermere Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · OKTA · РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС Сервис и поправка на електрични производи

RADE KONČAR-TEP · A1 · seavus www.seavus.com · ZAN MITREV CLINIC

СЕМОС · CROATIA OSIGURANJE Кроација осигурување · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна

scalefocus · ДЕ-НИ Мебел · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин · SPARKASSE Bank · Ultra! · SMELT-ING

VEZESHARRI · LECKER · elektro · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne




**Посетете : www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, УЧЕСНИК ВО РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (EQVET SEE)“




Со поддршка на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) на 6-те земји од Западен Балкан, чии активности се насочени кон економска соработка, подобрување на бизнис климата и унапредување на конкурентноста на економиите од регионот, продолжија активностите започнати и во делот на образованието. Без развој на човечки ресурси нема развој на економијата, иновациите и конкурентност на пазарот. На вчерашниот состанок што се одржа во Белград со националните координатори од коморите од 6-те земји на Западен Балкан, како претставници на бизнис заедницата, на кој присуствуваше и преставник од Стопанската комора на Северна Македонија, и координатори од Центрите за стручно образование и обука како преставници од образованието, беше претставен новиот проект „Унапредување на квалитетот во образованието и обуката во Југоисточна Европа (EQVET SEE)“. Проектот се реализира од страна на Иницијативите за реформи во образованието за Југозападна Европа (ЕРИ СЕЕ), финансиран

од Австриската агенција за развој со средства од Австриската соработка за развој, а поддржан и од Коморскиот инвестициски форум и Европската фондација за обуки (ЕТФ). Проектот „Унапредување на квалитетот во образованието и обуката во Југоисточна Европа (EQVET SEE)“ претставува продолжување на предходниот проект „Кон регионални стандарди на занимања - КОН РЕГОС“ чија главна цел беше создавање на стандарди на занимања според регионалните заеднички потреби на бизнис секторот од земјите во Западен Балкан. Во рамките на проектот преку креативен дијалог и размена на искуства беа креирани 5 регионални стандарди на занимања кои беа одобрени и признати и на национално ниво: Хотелско-угостителски техничар од угостителско-туристичкиот сектор и Монтер за сува градба, Поставувач на подови, Молер и Поставувач на плочки од секторот градежништво и геодезија. Стандардите на занимања беа основа да се подготват и стандарди за квалификации и образовни програми за овие квалификации. Исто така беа изработени и придружни документи: Методологија за развој на стандарди на занимања, Методологија за развој на регионални стандарди на квалификации, Физибилити студија за развивање на регионално засновани стандарди на квалификации и публикација за проектот.

Новиот проект „Унапредување на квалитетот во образованието и обуката во Југоисточна Европа (EQVET SEE)“ ќе се фокусира на две компоненти:

1. Модернизација на стручното образование и обука преку унапредување на атрактивноста и квалитетот на стручното образование и обука;
2. Осигурување на квалитетот во општото образование (основно и гимназиското образование)

Резултатите од првата компонента на овој проект ќе придонесат за зајакнување на соработка помеѓу бизнисот и образовниот сектор, не само на национално, туку и регионално ниво, стекнување релевантни вештини според барањата на пазар на трудот во процесот на образованието и обуката, поголема застапеност на елементите на учењето преку работа во наставните програми и поддршка на наставниците и менторите во компаниите за спроведување на овие наставни програми, сè со цел да

се зајакне обезбедувањето на стручното образование и обука, а со тоа да се подигне и степенот на вработливоста на младите луѓе во регионот. Носители на активностите се образовните институции за стручно образование и обука, стопанските комори и бизнис заедницата.

Резултатите од втората компонента ќе придонесат за подобрување на квалитетот во образованието со промена на фокусот, од формалните и административните аспекти и недостаток на партнерски пристап во процесите на надворешната евалуација, кон поголема комуникацијата помеѓу креаторите на политиките, спроведувачите на политиките и училиштата и поголема инвестиција во внатрешните системи за квалитет на телата за осигурување на квалитет кои ја спроведуваат надворешната евалуација.

Преку ваквата заедничка соработка и на полето на образованието, се потврдува парадигмата на Коморскиот инвестициски форум на 6-те земји од Западен Балкан „Еден регион, една економија“

Целата документација од проектот „ТО РЕГОС“ преземете ја овде: https://wba4wbl.com/project-outputs/publications/



# ЗЕЛЕНА АГЕНДА, ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА



Зелената агенда, дигитализацијата и регионалната соработка во областа на образованието, како и важноста на стручното образование и обука за обезбедување на човечки капитал со релевантни вештини и компетенции беа тема на виртуелната конференција што ја организираше Регионалниот фонд за предизвици во рамките на Коморскиот инвестициски форум на 6-те земји од Западен Балкан. Економскиот развој на државите директно е поврзан со образованието кое треба да ги следи потребите на пазарот на трудот. Во таа насока беше истакнато дека 30-40% од работодавачите во Западен Балкан сметаат дека вештините се несоодветни, а тоа ги прави да бидат неконкурентни со европските економии. Статистиките покажуваат дека 24% од невработените лица во Западен Балкан се долгорочно невработени поради несоодветноста на вештините со потребите, во однос на 12% невработени во Европската Унија и 8% во Германија. Тоа покажува дека мора да се вложува во образованието, посебно во модернизирање на наставните програми кои треба да бидат во корелација со барањата на приватниот сектор за потребните вештини; инвестиции во наставни помагала и опрема за реализација на наставниот процес за унапредување на вештините и обуки за наставниците за реализација на модернизираните програми.

На конференцијата низ три панел дискусии: Потенцијали за зелена агенда

во стручното образование и обука за зелен раст во ЗБ6; Стручното образование и обука и дигитализацијата и Регионалната соработка во 6-те земји од Западен Балкан, беа потенцирани релевантните предизвици со кои се соочуваат економиите, но за решавање на истите може да се интервенира преку реформите во образованието.







За да се реализира ова клучно е да се има силни механизми за соработка помеѓу приватниот и јавниот сектор во СОО и засилено учество на бизнис заедница во дефинирањето на потребните вештини на пазарот на трудот. Регионалната соработка е важна поради создавањето единствени предуслови за образование со цел да се подобри заедничкиот пазар.

Во прилог линкот на Агендата на конференцијата: First Annual Regional Conference (vfairs.com)

# АКТУЕЛНИ ТЕМИ НА ДНЕВЕН РЕД НА СЕДНИЦАТА НА УПРАВЕН ОДБОР НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

Управниот одбор на Советот на странски инвеститори одржа редовна онлајн седница на 15.12.2021 година, на којашто се дискутираше за повеќе актуелни теми и економски состојби врз основа на што се дефинираа клучните програмски активности на Советот за следната година.

Фрек Јанмат, шеф на одделот за економија, градење на институциите и прекугранична соработка, ги презентираше клучните поенти од последниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјава, со посебен акцент на економските критериуми и перформанси на земјата во изминатиот период. Северна Македонија продолжува да ги исполнува условите за отворање на преговорите за членство и властите ја демонстрираа јавно својата цврста заложба да продолжат по европскиот пат. Во однос на економските критериуми, се оценува дека С. Македонија постигнала одреден напредок и е на добро ниво на подготовка во развојот на функционална пазарна економија. Во извештајот се наведува дека е потребен поголем напредок во наредната година во однос на внатрешниот пазар, имено слободното движење на стоки, услуги и капитал, интелектуална сопственост и политика за конкуренција, бидејќи е релевантен за подготовките на С. Македонија да ги исполни барањата на внатрешниот пазар на ЕУ и за развојот на Заедничкиот регионален пазар.

Д-р Елена Милевска Штрбевска, претседател на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија, се осрвна на бенефитите од користењето на Арбитражата  надлежна институција за решавање спорови за права со кои странките можат слободно да располагаат и за кои со закон не е пропишана исклучива надлежност на судовите на Република Северна Македонија, доколку странките ја договорат нејзината надлежност.




Многубројни се предностите поради кои треба да се договара надлежноста на арбитражата, како на пример: непристрасност во одлучувањето, стручност, степени на одлучување во арбитражната постапка, брзина и кратки рокови на постапките, доверливост, правосилност и извршност на арбитражната одлука.

Поради големиот успех и интерес на студенти и млади таленти од предходните изданија, беше одлучено да се продолжи со програмата „Млади менаџери и бизнис-лидери" под покровителство на претседателот на државата. Програмата „Млади менаџери и бизнис-лидери" се реализира во соработка со Кабинетот на Претседателот на државата во која учествуваат компании-членки на Советот и млади и амбициозни личности кои имаат можност да стекнат нови, практични знаења. Програмата предвидува обуки за стратешко планирање и лидерски вештини, вебинари, подготовка на студија на случај и посета на различни сектори во рамки на компаниите.

Во понатамошниот дел на седница, членовите на Управниот одбор ги усвоија Извештајот на реализираните активности и програмата за работа за наредната година, а истовремено се дискутираше и за актулените услови за водење бизнис и инвестирање во земјава, како и за донесување на нови предлог-мерки и препораки за унапредување на деловниот амбиент и олеснување на работењето за странските компании во земјава.

# КОМОРАТА УСПЕА ВО БАРАЊЕТО ЗАКОНСКИ ДА СЕ УКИНАТ ИЛИ НАМАЛАТ ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ ЗА 260 СУРОВИНИ И РЕПРОМТЕРИЈАЛИ




Од 18 поднесени иницијативи од Стопанската комора до министерството за финансии од моментот кога министерот Бесими раководи со овој сектор, досега 7 се целосно прифатени, 9 се во фаза на реализација, 2 се одбиени. Овој резултат е пример дека преку дијалог и дебата врз база на аргументи, анализи и факти, може да се постигне успех односно, Владата да носи решенија кои се во интерес на бизнисот, изјави претседателот на Комората Бранко Азески на денешната заедничка прес конференција со министерот за финансии Фатмир Бесими. Трајното укинување или намалување на царинските стапки кај околу 260 суровини и репромтеријали кои се користат во производствениот процес кај компаниите кои се претежно извозно ориентирани а за кои активностите беа иницирани преку Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство при Советот на странски инвеститори, ќе овозможи повеќе од 13 милиони евра (што досега се плаќаа на име на царински давачки) да останат во компаните, во насока на поддршка на нивната извозна конкурентност. Тоа треба да е пример како треба да се соработува и со другите владини институции и органи, вели Азески, изразувајќи благодарност до министерот за финансии.

Министерот Бесими посочи дека е од исклучителна важност што во

комуникацијата и соработката со Стопанската комора предводена од претседателот Азески постои разбирање што не сите иницијативи може веднаш да се решат, и најави континуитет на соработката.

Со измените на Законот за царинска тарифа, кои неделава ги донесе Владата, на системски начин, трајно се пристапува кон усогласување на нивото на царинска заштита со актуелните потреби на домашната индустрија. Овие измени значат и хармонизација со царинските стапки кои се применуваат во ЕУ, посочи м-р Анета Димовска менаџер во стручната служба на Комората. Така, намалените царински стапки на ќе влијаат на конкурентноста на компаниите од преработувачката индустрија, пред сé на компаниите од автомобилската, електро-металната индустрија, металургијата, хемиската, како и на текстилната и кожарската индустрија. Со предложениот Закон се намалуваат царинските стапки до нивото на оние кои се пропишани во ЕУ за најприоритетните стоки, суровини и репроматеријали кои се користат како компоненти потребни за производство на технолошко напредни производи, како и за други производи чие производство е условено од набавки од странство. Димовска посочи дека укината е и царината за увоз на природниот гас (наместо постојната царинска стапка од 2% по TJ, предвидено е слободен увоз), со што директно се влијае врз конкурентноста.

На денешната прес конференција беше промовиран и Договорот за соработка помеѓу СКСМ и Царинската управа за едукација на економските оператори во доменот на царинското работење, со што Комората ги потврдува своите заложби во доменот на едукацијата. Договорот како што истакна Извршниот директор на Комората м-р Антони Пешев предвидува план за обуки за 2022 година кои ќе значат приближување на царинското работење на компаниите, во насока на подобро разбирање на измените на регулативата, како и вовдувањето на дигитализацијата во царинските постапки.

Директорката на царинската управа Славица Кутиров посочи дека овој договор е уште еден во низата на соработка на двете институции и посочи дека Царината ги става на располагање своите стручни кадри за едукација на економските оператори со цел поддршка на извозната активности и процесите кои водат до ефикасност во работата на компаниите.

# „АЛКАЛОИД“ ПУШТИ ВО УПОТРЕБА СОПСТВЕН ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗА ОБУКИ



Човечкиот потенцијал има огромно значење за растот и за развојот на „Алкалоид“ АД Скопје, а професионалниот пристап во работењето, просперитетот на компанијата и нејзиниот кредибилитет се должат на деценискoто инвестирање во компанискoто начело „Луѓето пред сè“.

Во изминативе 15 години бројот на вработени во Групацијата „Алкалоид“ порасна од 1.200 на 2.500. Дeцениските инвестиции во едукација на македонските лекари и фармацевти, неодамнешните програми за практикантство, најновиот потфат за парцијално дуално образование и слични проекти наметнаа потреба од формирање сопствен центар за едукација и за обуки во рамките на компанијата, кој ќе служи за изведување вежби, проби и за обучувања на компанискиот кадар, на практикантите и на учениците.

На простор од околу 1.000 квадратни метри, кој за неполни 8 месеци го приспособивме, осовременивме и го опремивме во согласност со најновите барања за добра лабораториска пракса, вработените во компанијата, практикантите и учениците ќе имаат можност во современи простории да ги надградуваат своите знаења и да ги усовршуваат своите вештини. За оваа инвестиција „Алкалоид“ досега вложи над 1 милион евра,



а во иднина овој објект ќе се проширува и ќе се надградува за да прерасне во современ центар за едукација, кој целосно ќе ги опслужува барањата на динамичните научни дисциплини со кои работиме", рече Живко Мукаетов, Генерален директор и Претседател на Управниот одбор на „Алкалоид" АД Скопје.

Центарот за едукација и за обуки е изведен со целосна енергетска ефикасност, а инсталираните системи се со напој од обновливи извори на енергија, односно имаат ниско влијание врз животната околина. Во рамките на едукативниот центар се наоѓа тренинг-лабораторија, која опфаќа централна лабораторија, просторија за обработка на податоци, посебни простории за прецизни ваги и за ултразвучни бањи, две предавални и други помошни простории, со кои се обезбедува технолошка целина за нормално работење на околу 50 кадри.

# ПРОФЕСОР Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ



Клубот на извозници при Стопанската комора на Северна Македонија одржа изборна седница на која за нов претседател е избран проф. д-р Дарко Лазаров, професор на Економски факултет - Штип во областа на меѓународна економија и бизнис, директор на Меѓународниот Институт за Бизнис Анализа и долгогодишен соработник на Стопанската Комора на Северна Македонија.

Презентирајќи го новиот концепт на Клубот на извозници и предлогот за претседател, оперативниот директор за претставување на членките и вмрежување во Стручната службана на Стопанската комора, Билјана Пеева-Ѓуриќ, пред присутните на состанокот кој поради се`уште актуелните Ковид протоколи се одржа во хибридна форма, констатираше дека практичното искуство од областа на меѓународна трговија и меѓународен бизнис но и академското знаење на проф. д-р Дарко Лазаров може значително да придонесе во градење на новиот концепт на Клубот на извозници и успешно реализирање на идните програмски активности кои ќе испорачаат вистинска вредност за членки на Клубот.

Заблагодарувајќи се за искажаната доверба проф. Лазаров пред присутните претставници на компаниите образложи дека согласно концептот за

работа на Клубот на извозници ќе ги продолжи своите првично поставени задачи и цели насочени кон поддршка на домашните извозно ориентирани компании преку идентификување на нови извозни можности и создавање на реални услови за освојување на нови пазари, воспоставување на нови трговски релации, пазарни врски и форми на соработка со потенцијални трговски партнери, како и надминување на различните околности и пречки кои се поврзани со пристапот до нови пазари за домашните извозно ориентирани компании. Клубот на извозници со воспоставување на новиот концепт на работење и обезбедување на нови услуги ќе постане вистински сервис за домашните извозно ориентираните компании во нивните напорти за зголемување на извозната активност и надминување на сите бариери и пречки за извоз. Работењето на Клубот ќе биде базирано на поддршка и промоција на извозот преку:

- Публикување на електронски месечни, квартални, полугодишни и годишни извештаи за трговска размена и информации за светски трговски трендови.
- Развивање на маркетинг стратегии за извоз кои ќе бидат базирани на детални пазарни анализи.
- Имплементација на креираните маркетинг стратегии за извоз на извозно ориентирани компании членки на Клубот преку барање на конкретни трговски партнери на претходно идентификуваните потенцијални извозни пазари за конкретни прозиводи (согласно тарифни броеви), воспоставување на бизнис релации со идентификувани трговски партнери, утврдување на оптималните продажни канали, обезбедување на логистика за извоз.

За финансирање на дел од овие услуги за членките на Клубот, Стопанската Комора на Северна Македонија и Клубот на извозници ќе бараат извори на финансирање преку програмата во рамките на вториот столб од планот за економски раст поврзан со интерналиционализација, инструментите на Министерството за економија за поддршка на извозно ориентирани МСП, мерките на Агенцијата за странски инвестиции и поддршка на извозот, како и повици и инструменти на меѓународни институции и донори поврзани со проекти за јакнење на конкурентноста на македонската економија.

# ФОРМИРАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОДГЛЕДУВАЧИ И ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА КАНАБИС И ПРОДУКТИ ОД КАНАБИС



На иницијатива на компании одгледувачи и производители на канабис во Стопанската комора на Северна Македонија денес беше формирана Асоцијација на одгледувачи и производители на канабис и продукти од канабис

Состанокот го отвори Љупка И. Самарџиска, менаџер на Организациона целина за претставување на членките и вмрежување во рамките на Комората, која истакна дека Стопанската комора на Северна Македонија, согласно интересите и барањата на своите членки, како една од клучните определби го поставува и прашањето за активно вклучување на бизнис-заедницата во процесот на креирање политики, како и искажување на интересите на членките на Комората пред надлежните државни органи и институции, посебно во подготвувањето на стопанското законодавство и мерките и механизмите на стопанскиот систем. Активното вклучување на засегнатите страни во овој процес придонесува за постигнување заеднички

позитивни ефекти, како од аспект на обезбедување дополнителни информации потребни во процесот на креирање на политиките и подготовката на прописите, така и од аспект на ефикасноста на нивната имплементација - наведе Самарџирска.

Претставници на  компаниите - членки на Асоцијацијата порачаа дека мисијата на истата е  да се промовира индустријата за канабис како одговорна, одржлива и инклузивна индустрија и да се работи на создавање економска и регулаторна средина за оваа индустрија во државата, претставувајќи ја како легален и сигурен бизнис, како и респектабилна и просперитетна дејност.

Асоцијацијата во својата работа се води од потребата на постојано градење на довербата помеѓу сите свои членови, а со цел да бидат признаени како релевантни чинители и партнери од страна на сите сектори. Дополнително, нејзината работа ќе биде дефинирана и од потребата за зајакнување на соработката меѓу асоцијацијата, нејзините членови и постојаните и потенцијалните странски партнери вклучени во бизнисот со производство и трговија на производи од канабис.

Во оваа индустрија во Северна Македонија досега има издадено лиценци за работа на 66 компании, кои вработуваат над 1.000 вработени и се инвестирани над 500 милиони евра - информираше м-р Лидија Савиќ од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

На Конститутивната седница на Асоцијација на одгледувачи и производители на канабис и продукти од канабис, беше избран и Управен одбор од 11 членови, како и претседател и заменик претседател на Асоцијацијата.

За претседател се избра Орце Јордановски од компанијата „Тетра Хип“ - ДОО Кочани, а за заменик претседател, Фатмир Меркај од компанијата „ФМ – 2017“ од Гостивар.

# ИТНО РЕШАВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТНИТЕ БАРАЊА ЗА ДА ОПСТОИ ЕДНА ОД КЛУЧНИТЕ ГРАНКИ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА




Состојбите во високоградбата и инфраструктурата, импликациите од ценовните поскапувања на градежните материјали и производи врз трошоците за изведба, нелојалната конкуренција од увозот на градежни производи, реализацијата и администрирањето на отпочнатите капитални проекти и планираните инвестиции беа темите за кои Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите разговараше со министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски на одржаната работна средба во Стопанската комора на Северна Македонија. Согласно волуменските индекси кај Бруто-домашниот производ според производниот метод, во третото тромесечје 2021 година има пад од 1,5 % споредено со третото тромесечје од 2020 година. Бројот на вработени во градежништвото во третото тримесечје бележи пораст од 3,1 %, а просечната исплатена нето-плата по вработен за првите девет месеци бележи пораст од 6,1%. Податоците упатуваат на заклучокот дека во услови на намалена градежна активност и значителен пораст на трошоците

за плати, репроматеријали и други услуги, градежните компании не го намалија бројот на вработени, односно компаниите сами го преземаа товарот за справување со последиците од пандемијата – посочи во своето воведно обраќање претседателот на Здружението, Андреа Серафимовски.

1. Пандемијата во овој сектор предизвика драстичен раст на цените на репроматеријалите на светските берзи што пак предизвика раст на цените на градежните производи, кои до крајот на годината кај оплатата се очекува да достигнат до 55 %, кај геокомпозитот до 57,5 %, кај термоизолацијата ESP до 61,3 %, кај заштитните премази до 44 %, кај полимер-битуменот за асфалт до 47%, а кај челичните профили и цевки дури до 95%. Тоа директно се одразува на исплатливоста на реализацијата на проектите кои се изведуваат врз основа на договори во кои се предвидени фиксни цени за изведба, особено во доменот на јавните набавки. Поскапувањата на производите влијаат и врз цените на становите, како и врз одлуките за приватни вложувања во домувањето (реновирање, реконструкција и слично), што, покрај компаниите, ги засега и приватните инвеститори и граѓаните.

Поради тоа, беше побарано надлежните институции, вклучувајќи го и министерството за транспорт и врски да се заложат за имплементација на покренатите иницијативи од градежниците со кои се предлага:

- да се воведе повластена даночна стапка на данокот на додадена вредност од 5 % за прометот и за увозот на градежни производи, до стабилизирање на пазарот на градежни производи,
- во новите постапки за доделување на договорите за јавни набавки на работи, во тендерската документација да се предвидува можност за корекција на цените, за да се овозможи договорите за јавни набавки да се изменуваат во случај на покачување на цените без спроведување нова постапка за јавна набавка, додека во однос на склучените договори за јавни набавки, Владата по примерот на некои земји во регионот (Република Хрватска) да ги повика договорните органи заедно со договорните страни да пристапат кон анализа на договорените единечни цени на градежни материјали и производи, за да ги утврдат ставките каде промената на цената по почетокот на пандемијата влијаела на нивно зголемување за повеќе од 10 %, по што врз основа на анализата потоа ќе пристапат кон измена на договорите.

2. Бизнис заедницата се интересираше и околу подготовката на проектна документација и изградбата на автопатските делници Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништа-Струга-Ќафасан од Коридорот 8, како и изградбата на автопатската делница Прилеп-Битола од Коридорот 10 и поконкретно околу можноста за вклучување на домашните градежни компании во сите фази на имплементација на проектите. Реалниот сектор оцени дека изградбата на овие автопати претставува сериозна градежна активност земајќи ги предвид големината и потенцијалите на нашата држава и очекува Владата да се заложи за 51 % од проектирањето и изведбата на посочените патни делници со стратешкиот партнер да бидат ангажирани домашните градежни компании.

3. За крај беше покренато и прашањето за примената на членот 119, став 2 од Законот за јавните набавки која во пракса доведува до закочување на реализацијата на одредени капитални проекти. Беше посочено дека начинот на кој е дефинирана оваа одредба недоволно прецизно и јасно уредува дали во измената на вредноста на договорот за јавна набавка влегуваат и дополнителните работи, како и дали вредноста на измената на договорот која треба да не надминува 20% од вредноста на првичниот договор ги опфаќа збирно дополнителните и непредвидени работи, вишоци и кусоци на работите, или пак во овој процент влегуваат само збирно дополнителни и непредвидени работи и вишоци на работите, без притоа од вредноста да бидат одземени кусоците. Поради тоа, беше предложено да се даде препорака и да се повикаат сите договорни органи да постапуваат согласно ставот заземен од Бирото за јавни набавки во случај на измени на договорот за јавна набавка во процентот од 20 % кој не треба да ја надмине вредноста на првичниот договор, освен дополнителните и непредвидените работи, вишоците да се засметуваат откако претходно ќе се пребијат со кусоците.

Министерот за транспорт и врски во опсежната дискусија вети дека сериозно ќе ги разгледа барањата на градежниците и дека ќе се заложи за изнаоѓање на решенија кои ќе ги ублажат ценовните шокови во делот

на градежните производи, како и за доследна и воедначена примена на Законот за јавни набавки во делот на пребивањето на вишоците со кусоците. Што се однесува на изградбата на делници од коридорите 8 и 10 со стратешки партнер, посочи дека се планира повеќестепено одлучување во процесот пред склучување на договорите, како и избор на консултантска компанија која ќе преговара со стратешкиот партнер на експертско ниво, а дека ќе се води сметка во експертските тимови да има и претставник од Стопанската комора, се' во насока да се овозможи и домашните компании да бидат вклучени во реализацијата на овие сериозни градежни проекти.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години
Основана 1922

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088